РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09-3341/3
30-06-2022
_____г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-3341/1 од 10.09.2021 година, против Претседател на општинска изборна комисија на ----------, ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

ДКСК поднесената пријава ја достави до Државната изборна комисија на надлежно постапување со укажување на постоење на потенцијален судир на интереси кај лицето опфатено со пријавата.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 10.09.2021 година, поднесена е пријава против Претседател на општинска изборна комисија на ----------, ---------- по што е оформен предмет број 09-3341/1 од 10.09.2021 година.

Во пријавата се изнесени наводи дека за Претседател на општинска изборна комисија на ---------- е избрано лицето ----------, која е сестра на кандидатот за градоначалник од редовите на политичката партија ----------, ----------.

Ваквата ситуација, која е наведна во претставката согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси не претставува основ за надлежно постапување на ДКСК.

Меѓутоа, анализата на надлежностите од член 37 од Изборниот законик кои се однесуваат на Општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје, особено **на ставот**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

4 од истиот член кој се однесува на надлежностите на комисиите при спроведување на локални избори, како и поради објективност и принципиелност во постапувањето и вршењето на задачите кои се предмет на извршување на Општинска изборна комисија на Општина ----------, Државната комисија утврди дека постои потенцијален судир на интереси доколку наведеното лице ја извршува функцијата Претседател на општинска изборна комисија на ----------.

Од тој аспект, ДКСК предметот го достави на надлежно постапување до Државната изборна комисија, со препорака лицето ---------- да биде изземено од споменатата функција заради спречување на можни сомневања за непристрасно исполнување на законските обврски.

Со оглед дека станува збор за изборен период кој е завршен, како и поради фактот дека до денот на одржување на седницата не е пристигнат одговор од Државната изборна комисија, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател
Нури Бајрами

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: К.Н- член на ДКСК